"Како и секоја година и овој пат целта ни беше да не се затвораме во поединечни стилови кога станува збор за програмата. Токму затоа и во клупски амбиент публиката можеше да чуе сериозни музичари, а не само интересен џем-сешн", истакна Оливер Белопета, првиот човек на Скопскиот џез-фестивал.

Пишува: **Милева ЛАЗОВА**

## 27. ИЗДАНИЕ НА СКОПСКИОТ ЏЕ













# МИКС ОД РИТМ

Со специјалниот проект на познатиот либански инструменталист Rabih Abou-Khalil и Македонската филхармонија, во Универзалната сала беше отворено 27. издание на Скопскиот џез-фестивал. Ова беше еден од двата специјални проекта што досега биле изведувани само во европските метрополи. Проектот на Rabih Abou-Khalil досега го чула само лондонската публика, пред која Либанецот (живее и работи во Германија), настапил со Филхармонискиот оркестар на Би-би-си. Во истата ноќ, некаде по полноќ, во зимскиот клуб "Хард рок" се претстави и њујоршкиот пијанист Jason Moran со својот состав "The Bandwagon".

Вториот специјален настан се случи следната вечер во Универзалната сала, кога во чест на 50 години од појавата на Bossa Nova свиреа Marcos Valle feat. Wanda SA "Bossa entre amigos" и Marcio Faraco со своите многубројни соработници. Во сличен, но малку модернизиран ритам, програмата продолжи во "Хард рок" со изведбата на "Zuco 103" група која го основа "бразилектро" звукот-комбинација на џез, бразилска и електро музика. Во нивниот шести албум "After the Carnaval" многу вешто ги соединуваат акустичните и електронски текстури со елементите на фанк, соул, поп, рок и јужноамериканските ритми за забава и танц.

Годинашниот Скопски џез-фестивал во неделата се префрли во Салонот на Македонската опера и балет, каде што концерти се одржуваа до вторникот.

На 19 октомври се случи и норвешката вечер, чиј предводник беше Bugge Wesseltoft, музичарот што го споредуваат со имиња како Chick Corea, Miles Davis и Erik Satie. На истата бина пред публиката свирише и квинтетот на Karl Seglem. Во полноќниот настап во "Хард Рок" пак беше видено дуото "Mungolian jetset", а гостин им беше Wesseltoft.

Понеделникот во МОБ беше резервиран за басистот Ron Carter, кој се прослави како дел од вториот влијателен квинтет на Miles Davis од 60. години. Тој во Скопје дојде со проект посветен ток-














му на овој славен џез-музичар. Следни на сцената беа триото на Joshua Redman. Истата вечер, но во "Хард рок" свои "пет минути" имаше квартетот на 19-годишниот италијански саксофонист Francesco Cafiso (чудо од човек кој уште на 15. возраст свири со познати музички имиња). Последната вечер на Фестивалот во МОБ бината ја делеа тапанарот Manu Katche со својот проект "Pleyground" и авангардниот Henry Threadgill Zooid. Завршниот настан со кој беше затворен Фестивалот се случи во "Хард рок" со рок и блуз-призвуците на гитаристот Jystin Adams и со триото на пејачот од Гамбија, Juldeh Camara.

# И ЗА ЗАБАВА И ТАНЦ